Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 02-4964/1
Скопје/Shkup________година/viti
28-04-2025

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Извештај за финансиското работење на претпријатието за четвртиот квартал од 2024 година

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕД......3

II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ......4

III. ПРИХОДИ......6

IV. РАСХОДИ......11

V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА......15

VI. БИЛАНС НА УСПЕХ......17

VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА......19

# I. ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта (во натамошниот текст: ЈПДП) е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на РМ бр.1 од 02.01.2013 година. Претпријатието е запишано во Централен Регистар на РМ со ЕМБС 6839673 и е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Основна цел и дејност на ЈП за државни патишта е планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на патиштата и управување со државните патишта. Со тоа ЈП за државни патишта останува двигател на патната инфраструктура во Република Северна Македонија.

Извештајот за финансиското работење на претпријатието за четвртиот квартал од 2024 година се изготвува согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија и се однесува за периодот од октомври – декември 2024 година и истиот се доставува до Владата на Република Северна Македонија.

Во извештајниот период ЈПДП ги реализираше приходите и трошоците согласно Финансискиот план за 2024 година, како и инвестициите согласно Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2024 година.

## II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| Ред. бр. | ОПИС | План IV квартал 2024 | Оств. IV квартал 2024 | Оств. IV квартал 2023 | Стр. Анал. IV квартал 2024 | Спор. Оств./ план IV квартал 2024 | Спор. Оств. 2024/2023 IV квартал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **3,111,250,000** | **3,479,632,754** | **4,025,894,966** | **100.00%** | 1.12 | 0.86 |
| 1.1 | Приходи од патарина | 1,100,000,000 | 963,505,740 | 898,090,479 | 27.69% | 0.88 | 1.07 |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 575,000,000 | 534,408,562 | 467,209,365 | 15.36% | 0.93 | 1.14 |
| 1.3 | Други приходи | 22,500,000 | 567,644,473 | 126,700,126 | 16.31% | 25.23 | 4.48 |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1,375,000,000 | 1,412,925,785 | 1,249,309,346 | 40.61% | 1.03 | 1.13 |
| | **Вкупно приходи од работењето** | **3,072,500,000** | **3,478,484,560** | **2,741,309,316** | | **1.13** | **1.27** |
| 1.5 | Приходи од камати | 1,250,000 | 249,933 | 437,971 | 0.01% | 0.20 | 0.57 |
| 1.6 | Приходи од позитивни курсни разлики | 37,500,000 | 898,261 | 1,284,147,679 | 0.03% | 0.02 | 0.00 |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **38,750,000** | **1,148,194** | **1,284,585,650** | | **0.03** | **0.00** |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **2,358,287,500** | **4,069,926,236** | **1,726,022,673** | **100.00%** | 1.73 | 2.36 |
| 2.1 | Трошоци за материјали, енергија и ситен инвентар | 63,287,500 | 87,130,924 | 65,806,412 | 2.14% | 1.38 | 1.32 |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 400,000,000 | 505,838,564 | 474,384,424 | 12.43% | 1.26 | 1.07 |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 112,500,000 | 282,930,289 | 199,968,786 | 6.95% | 2.51 | 1.41 |
| 2.4 | Трошоци за вработените | 165,000,000 | 218,655,457 | 165,640,857 | 5.37% | 1.33 | 1.32 |
| | **Вкупно трошоци од работењето** | **740,787,500** | **1,094,555,234** | **905,800,478** | | 1.48 | 1.21 |
| | ***Оперативна Добивка/загуба од работењето*** | ***2,331,712,500*** | ***2,383,929,325*** | ***1,835,508,838*** | | ***1.02*** | ***1.30*** |
| 2.5 | Амортизација | 650,000,000 | 646,619,437 | 553,725,760 | 15.89% | 0.99 | 1.17 |
| 2.6 | Расходи за камати | 92,500,000 | 328,934,918 | 263,787,765 | 8.08% | 3.56 | 1.25 |
| 2.7 | Расходи од негативни курсни разлики | 875,000,000 | 1,999,816,647 | 2,708,670 | 49.14% | 2.29 | 738.30 |
| | **Вкупно финансиски расходи и Амортизација** | **1,617,500,000** | **2,975,371,002** | **820,222,195** | | 1.84 | 3.63 |
| 3 | ***Финансиски резултат*** | 752,962,500 | -590,293,483 | 2,299,872,293 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(добивка/загуба)* | | | | | | |
| 4 | **Вкупни неизмирени обврски (краткорочни)** | | 12,424,958,975 | 10,010,926,670 | | | |
| 5 | **Вкупни побарувања (краткорочни)** | | 327,440,659 | 47,179,116 | | | |
| 6 | **Состојба на сметки (денарска и девизна)** | | 3,421,246,553 | 2,886,002,986 | | | |
| 7 | **Вкупен број на вработени лица** | | 500 | 505 | | | |
| | Број на лица враб. на неопределено време во претпријатието | | 492 | 356 | | | |
| | Број на лица враб. на определено време во претпријатието | | 0 | 0 | | | |
| | Број на привремено враб. во претпријатието | | 8 | 149 | | | |
| 8 | **Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието** | | 64,913 | 57,735 | | | |

Оперативната добивка за четвртиот квартал во 2024 година изнесува 2.383.929.325 денари и истата е за 2% повисока од планираната и за 30% поголема од претходната година.

Финансискиот резултат за четвртиот квартал во 2024 година е загуба од 590,293,483 денари. Ставките кои влијаат на финансискиот резултат во најголема мера се од екстерна природа и на нив претпријатието речиси и не може да влијае. Како показател за успешноста на работењето во анализите претставува оперативната добивка, за разлика од нето добивката над која што најголемо влијание имаат курсните разлики.

## III. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта и за работење на Јавното претпријатие се обезбедуваат од:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;

2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);

3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);

4) надоместок за:

а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас,

б) приклучување на пристапен пат на јавен пат,

в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас;

г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место,

д) прекумерно користење на пат,

ѓ) вонредниот превоз и

е) штета сторена на патот и објектите на патот;

5) средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините и на градот Скопје;

6) заеми, кредити и грант средства од МФИ

7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта.

- Табеларен приказ на специфицираните приходи

*во илјади денари*

| Ред. Бр. | ОПИС | ОСТВ. IV квартал 2023 | ПЛАН 2024 | ОСТВ. IV квартал 2024 | Спор. оств. IV квартал 2024/2023 | Спор. оств. IV квартал/ план 2024 | Структ. Анал. IV квартал 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Оперативни приходи** | | | | | | |
| 1.1 | Приходи од акциза | 1,249,309 | 1,375,000 | 1,412,926 | 1.13 | 1.03 | 40.61 |
| 1.2 | Приходи патарина | 898,090 | 1,100,000 | 963,506 | 1.07 | 0.88 | 27.69 |
| 1.3 | Приходи регистрација | 467,209 | 575,000 | 534,409 | 1.14 | 0.93 | 15.36 |
| 1.4 | Останати приходи од работењето | 126,700 | 22,500 | 567,644 | 4.48 | 25.23 | 16.31 |
| | **Вкупни оперативни приходи** | **2,741,309** | **3,072,500** | **3,478,485** | **1.27** | **1.13** | **99.97** |
| 2 | **Останати приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Позитивни курсни разлики | 1,284,148 | 37,500 | 898 | 0.00 | 0.02 | 0.03 |
| 2.2 | Приходи од камати | 438 | 1,250 | 250 | 0.57 | 0.20 | 0.01 |
| | **Вкупно останати приходи** | **1,284,586** | **38,750** | **1,148** | **0.00** | **0.03** | **0.03** |
| | **Вкупно приходи** | **4,025,895** | **3,111,250** | **3,479,633** | **0.86** | **1.12** | **100.00** |

Во периодот октомври – декември 2024 година, ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) во износ од 963.505.740 денари, односно 88% од квартално планираниот приход по овој основ за 2024 година. Во споредба со истиот период од 2023 година, приходот од патарина е поголем за 7%, односно за 65.415.261 денари. Висината на надоместокот е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45-3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

2. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, во износ од 534.408.562 денари, или 93% од квартално планираниот приход по тој основ за 2024 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот по оваа основа е поголем за 14% или за 67.199.197 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

3. Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта за четвртиот квартал во 2024 година изнесуваат 567.644.473 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и

регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", приходи остварени од наплата на гаранции, пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети и други приходи.

4. Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати, во четвртиот квартал од 2024 година изнесува 1.412.925.785 денари, односно за 3% повеќе од квартално планираниот износ за 2024 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 13% или за 163.616.439 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

5. Финансиските приходи во четвртиот квартал изнесуваат 1.148.194 денари, од кои 249.933 денари се приходи од камати и 898.261 денари се пресметани позитивни курсни разлики.

➢ Графички приказ на специфицираните приходи



## IV. РАСХОДИ

➢ Табеларен приказ на специфицираните расходи

*во илјади денари*

| Ред. Бр. | ОПИС | ОСТВ. IV квартал 2023 | ПЛАН 2024 | ОСТВ. IV квартал 2024 | Спор. оств. IV квартал 2024/2023 | Спор. оств. IV квартал/ план 2024 | Структ. Анал. IV квартал 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Расходи од дејноста | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за суровини и материјали | 65,806 | 63,288 | 87,131 | 1.32 | 1.38 | 2.14% |
| 1.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 474,384 | 400,000 | 505,839 | 1.07 | 1.26 | 12.43% |
| 1.3 | Останати трошоци од работењето | 199,969 | 112,500 | 282,930 | 1.41 | 2.51 | 6.95% |
| 1.4 | Трошоци за вработени | 165,641 | 165,000 | 218,655 | 1.32 | 1.33 | 5.37% |
| | **Вкупно оперативни расходи** | **905,800** | **740,788** | **1,094,555** | **1.21** | **1.48** | |
| 2 | **Останати расходи** | | | | | | |
| 2.1 | Амортизација | 553,726 | 650,000 | 646,619 | 1.17 | 0.99 | 15.89% |
| 2.2 | Расходи по основ на камати | 263,788 | 92,500 | 328,935 | 1.25 | 3.56 | 8.08% |
| 2.3 | Расходи по основ на курсни разлики | 2,709 | 875,000 | 1,999,817 | 738.30 | 2.29 | 49.14% |
| | **Вкупно финансиски расходи и амортизација** | **820,222** | **1,617,500** | **2,975,371** | **3.63** | **1.84** | **73.11%** |
| | **Вкупно расходи** | **1,726,023** | **2,358,288** | **4,069,926** | **2.36** | **1.73** | **100.00%** |

Во периодот <u>октомври - декември</u> 2024 година направени се трошоци и расходи во вкупен износ од 4.069.926.236денари.

1. За трошоци за суровини и материјали и електрична енергија квартално потрошени се 87.130.924 денари, од кои: за трошоци за канцелариски материјали потрошени се 482.969 денари, за трошоци за материјали за одржување хигиена потрошени се 299.805 денари, трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици потрошени се 1.044.576 денари, за трошоци за вода и други напитоци потрошени се 35.545 денари и за трошоци за електрична енергија, гориво, парно и др. потрошени се 85.268.028 денари.

2. За трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци квартално потрошени се 505.838.564 денари, од кои: за трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет потрошени се 4.443.928 денари, трошоци за одржување патишта (Македонија пат) потрошени се 388.267.381 денари, трошоци за одржување на електро енергетски објекти, осветлување и сигнализација потрошени се 12.531.764 денари, трошоци за чистење канавки, пропусти, риголи и кресање банкини потрошени се 13.883.476 денари, трошоци за одржување системи во тунели Демир Капија потрошени се 10.087.953 денари, трошоци за одржување на опрема и објекти на ЈПДП, одржување патни делници Штип-Радовиш и Штип – Кочани потрошени се вкупно 7.852.633 денари, за одржување на софтвер, одржување ПП систем и апарати и други трошоци за одржување потрошени се 20.751.346 денари, режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, паркинг услуги и др.) потрошени се 4.013.233 денари, трошоци за одржување на софтвер потрошени се 1.907.055 денари, трошоци за провизија за здруженија за технички преглед потрошени се 23.959.003 денари, трошоци за надзор потрошени се 13.622.303 денари, услуги за проектирање потрошени се 2.027.450 денари, наем на опрема потрошени се 2.453.616 денари и провизија за привремени вработувања потрошени се 37.423 денари.

3. За останати трошоци од работењето квартално се потрошени 282.930.289 денари, од кои: за надоместоци за членови на УО и НО потрошени се 662.665 денари, трошоци за репрезентација потрошени се 12.405 денари, трошоци за осигурување патнички возила и згради и опрема потрошени се 767.450 денари, трошоци за банкарски провизии потрошени се 17.139.702 денари, останати трошоци (административни, судски, нотарски такси) потрошени се 998.999 денари, за консултантски услуги потрошени се 11.866.115 денари, трошоци за поврат на средства од регистрација на товарни возила кои престојуваат во странство потрошени се 73.116.193 денари, трошоци за вештачења, адвокатски услуги, геодетски услуги, претплата за стручни списанија и др. потрошени се 12.144.971 денари, трансфери кон ЕЛС потрошени се 166.014.331 денари.

4. Трошоците за вработените за четвртиот квартал во извештајната година изнесува 218.655.457 денари, и тоа: за трошоци за бруто плати 188.138.161 денари, трошоци за привремени вработувања - 1.471.732 денари, осигурување на вработени во износ од 101.388 денари, трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други 7.701.115 денари, трошоци за солидарна помош, отпремнини за пензија, регрес за годишен одмор и друго 4.537.330 денари и трошоци за службени патувања во износ од 141.717 денари.

5. Пресметаниот трошок за амортизација за четвртиот квартал во извештајната година изнесува 646.619.437 денари.

6. Расходите за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи) за четвртиот квартал во извештајната година изнесуваат 2.328.751.656 денари, и тоа: негативните курсни разлики изнесуваат 1.999.816.647 денари и каматите изнесуваат 328.934.918 денари.

Напомена: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики согласно меѓународните сметководствени стандарди и пресметковниот начин на

водење на сметководството, влијаат на остварениот финансиски резултат, а произлегуваат од користењето и отплатата на странските кредити, односно од вкупната кредитна задолженост на ЈП за државни патишта. Пресметаните курсни разлики (позитивни или негативни) во најголема мерка зависат од движењето на курсот на американскиот долар, валута во која ЈП за државни патишта го има склучено договорот со Кинеската Ексим банка за финансирање на изградбата на патните правци Кичево – Охрид и Миладиновци – Штип.

➢ Графички приказ на специфицираните расходи



## V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба ја покажува состојбата на средствата и изворите на претпријатието на 31.12.2024 година. Билансот на состојба е статички и кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот кои произлегуваат од сите активности во претпријатието од неговото основање до денот на составување на билансот. Вредностите на ставките во Билансот на состојба се искажани според нивниот износ при набавка на средството, корегирани за промените што настанале.

| Ред. Бр. | БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено 01.01.2023 - 31.12.2023 | Остварено 01.01.2024 - 31.12.2024 | Струк. анал. 2024 | Спор. 2024/ 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | АКТИВА | | | | |
| 1 | **Тековни средства** | **2,935,456,318** | **3,750,767,938** | | 1.28 |
| 1.1 | Парични средства | 2,886,002,986 | 3,421,246,553 | 1.96% | 1.19 |
| 1.2 | Краткорочни Побарувања | 47,179,116 | 327,440,659 | 0.19% | 6.94 |
| 1.3 | Залихи | 2,274,216 | 2,080,726 | 0.00% | 0.91 |
| 2 | **Нетековни средства** | **144,398,679,869** | **171,124,294,226** | | 1.19 |
| 2.1 | **Нематеријални средства** | **6,122,874** | **4,932,157** | | 0.81 |
| 2.1.1 | Концесии, патенти, лиценци и др. | 6,122,874 | 4,932,157 | 0.00% | 0.81 |
| 2.2 | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **144,334,233,532** | **171,059,100,180** | | 1.19 |
| 2.2.1 | Недвижности | 72,987,372,952 | 87,160,548,822 | 49.84% | 1.19 |
| 2.2.2 | Постројки и опрема | 50,125,024 | 53,897,643 | 0.03% | 1.08 |
| 2.2.3 | Транспортни средства | 14,563,024 | 12,121,137 | 0.01% | 0.83 |
| 2.2.4 | Канцелариски инвентар и мебел | 2,178,366 | 2,378,611 | 0.00% | 1.09 |
| 2.2.5 | Аванси за набавка на материјални средства | 3,267,591,789 | 3,226,794,132 | 1.85% | 0.99 |
| 2.2.6 | Материјални средства во подготовка | 68,012,133,072 | 80,603,090,530 | 46.09% | 1.19 |
| 2.2.7 | Останати материјално вложувања | 269,305 | 269,305 | 0.00% | 1.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Платени трошоци за идни периоди (АВР) | 58,323,463 | 60,261,889 | | 1.03 |
| | **Вкупна актива** | **147,334,136,187** | **174,875,062,164** | **100.00%** | **1.19** |
| | ПАСИВА | | | | |
| 1 | **Обврски** | **59,804,198,285** | **65,997,551,135** | | **1.10** |
| 1.1 | **Краткорочни обврски** | **10,010,926,670** | **12,424,958,975** | | **1.24** |
| 1.1.1 | Обврски кон добавувачи | 2,110,634,816 | 4,193,785,862 | 2.40% | 1.99 |
| 1.1.2 | Обврски за аванси и депозити | 1,660,216,764 | 1,887,696,073 | 1.08% | 1.14 |
| 1.1.3 | Обврски кон вработените | 485,973 | 0 | 0.00% | 0.00 |
| 1.1.4 | Тековни даночни обврски | 237,346,311 | 90,420,107 | 0.05% | 0.38 |
| 1.1.5 | Обврски по заеми и кредити | 6,002,242,806 | 6,251,141,026 | 3.57% | 1.04 |
| 1.1.6 | Останати финансиски обврски | 0 | 1,915,907 | 0.00% | |
| 1.2 | **Долгорочни обврски** | **49,793,271,615** | **53,572,592,160** | | **1.08** |
| 1.2.1 | Обврски по заеми и кредити | 49,614,821,499 | 53,446,505,145 | 30.56% | 1.08 |
| 1.2.2 | Останати долгорочни резервирања | 178,450,116 | 126,087,015 | 0.07% | 0.71 |
| 2 | **Капитал и резерви** | **70,737,836,459** | **74,591,314,634** | | **1.05** |
| 2.1 | Капитал | 5,000,000 | 5,000,000 | 0.00% | 1.00 |
| 2.2 | Ревалоризирана резерва | 9,796,453,000 | 9,796,453,000 | 5.60% | 1.00 |
| 2.3 | Резерви | 3,448,047,142 | 5,906,427,172 | 3.38% | 1.71 |
| 2.4 | Акумулирана Добивка | 51,581,909,145 | 55,029,956,287 | 31.47% | 1.07 |
| 2.5 | Добивка за деловна година | 5,906,427,172 | 3,853,478,175 | 2.20% | 0.65 |
| 3 | **Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР)** | **16,792,101,440** | **34,286,196,393** | **19.61%** | **2.04** |
| | **Вкупна пасива** | **147,334,136,184** | **174,875,062,162** | **100.00%** | **1.19** |

Вкупната актива/пасива во Билансот на состојба до 31.12.2024 година изнесува 174.875.062.164 денари. Во однос на истиот период претходната 2023, кога изнесувала 147.334.136.184 денари, бележи зголемување од 19%. Во активата најголемо зголемување, согласно структурната и споредбената анализа, има во материјалните средства, постројки и опрема како и вложувања во недвижности т.е инвестициите во тек. Додека во пасивата, зголемувањето е најголемо кај долгорочните обврски т.е. обврските по заеми и кредити заради реализација на проектите кои се финансираат од странски кредити.

## VI. БИЛАНС НА УСПЕХ

Билансот на успех ги покажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето на ЈПДП за четвртиот квартал 2024 година и финансискиот резултат за истиот период.

Во табелата што следи дадени се споредбени податоци за четвртиот квартал од тековната година со истиот период претходната 2023 година и со планираните квартални резултати за 2024 годиниi.

| Ред. бр. | БИЛАНС НА УСПЕХ | План IV квартал 2024 | Оств. IV квартал 2024 | Оств. IV квартал 2023 | Струк. Анал. 2024 | Спор. 2024/ 2023 | Спор. 2024/ план |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Патарина | 1,100,000,000 | 963,505,740 | 898,090,479 | 27.69% | 1.07 | 0.88 |
| 1.2 | Регистарција (патна такса) | 575,000,000 | 534,408,562 | 467,209,365 | 15.36% | 1.14 | 0.93 |
| 1.3 | Акциза | 1,375,000,000 | 1,412,925,785 | 1,249,309,346 | 40.61% | 1.13 | 1.03 |
| 1.4 | Други приходи | 22,500,000 | 567,644,472 | 126,700,126 | 16.31% | 4.48 | 25.23 |
| | **Вкупно приходи од дејноста** | **3,072,500,000** | **3,478,484,559** | **2,741,309,316** | | 1.27 | 1.13 |
| 2 | **Финансиски приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 1,250,000 | 249,933 | 437,971 | 0.01% | 0.57 | 0.20 |
| 2.2 | Позитивни курсни разлики | 37,500,000 | 898,261 | 1,284,147,679 | 0.03% | 0.00 | 0.02 |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **38,750,000** | **1,148,194** | **1,284,585,650** | | **0.00** | **0.03** |
| | **Вкупно приходи** | **3,111,250,000** | **3,479,632,753** | **4,025,894,966** | **100.00%** | **0.86** | **1.12** |
| | | | | | | | |
| 1 | **Трошоци од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за материјали,енергија и сл. | 63,287,500 | 87,130,924 | 65,806,412 | 2.14% | 1.32 | 1.38 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2 | Трошоци за услуги со карактер на материјани трошоци | 400,000,000 | 505,838,564 | 474,384,424 | 12.43% | 1.07 | 1.26 |
| 1.3 | Трошоци за вработените | 165,000,000 | 218,655,457 | 165,640,857 | 5.37% | 1.32 | 1.33 |
| 1.4 | Останати трошоци од работењето | 112,500,000 | 282,930,289 | 199,968,785 | 6.95% | 1.41 | 2.51 |
| | **Вкупно трошоци од дејноста** | **740,787,500** | **1,094,555,234** | **905,800,478** | | **1.21** | **1.48** |
| 2 | **Финансиски расходи и амортизација** | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 92,500,000 | 328,934,918 | 263,787,765 | 8.08% | 1.25 | 3.56 |
| 2.2 | Негативни курсни разлики | 875,000,000 | 1,999,816,647 | 2,708,670 | 49.14% | 738.30 | 2.29 |
| 2.3 | Амортизација | 650,000,000 | 646,619,437 | 553,725,760 | 15.89% | 1.17 | 0.99 |
| | **Вкупно останати расходи** | **1,617,500,000** | **2,975,371,002** | **820,222,195** | | **3.63** | **1.84** |
| | **Вкупно расходи** | **2,358,287,500** | **4,069,926,236** | **1,726,022,673** | **100.00%** | **4.84** | **1.73** |
| | **Финансиски резултат** | **752,962,500** | **-590,293,483** | **2,299,872,293** | | | |

Во Билансот на успех се содржани оперативните приходи, кои за извештајниот период изнесуваат 3.478.484.560 денари, и оперативните или општите трошоци, кои изнесуваат 1.094.555.234 денари. Нивната разлика ја дава оперативната добивка која за четвртиот квартал 2024 година изнесува 2.383.929.325 денари. Кај позитивните курсни разлики се бележи намалување за извештајниот перод, а кај негативните курсни разлики се бележи зголемување кое е настанато поради растот на курсот на доларот во споредба со истиот период од минатата година.

Оперативната добивка на Јавното Претптијатие за Државни патишта за 2024 година изнесува 2.383.929.325 денари и истата бележи зголемување од 30% во споредба со истиот период претходната година.

## VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Инвестициите се вбројуваат меѓу најзначајните фактори на економскиот развој. ЈПДП, средства за инвестиции ги обезбедува од домашни заштеди и странски кредити.

Во табелата што следи се прикажани инвестиции од сопствени средства и инвестициите со странски кредити, како и инвестициите од буџетски средства остварени во четвртиот квартал 2024 година и нивната споредба со претходната година за истиот квартал.

| Годишна Програма | Програма 2024 | Реал. IV кварт.2024 | Реал. IV кварт. 2023 | Струк. Анал. 2024 | Споредба 2024/2023 | Оств. /план. 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИНВЕСТИЦИИ | 4,727,717,761 | 4,411,696,295 | 5,578,743,890 | 100.00% | 0.79 | 0.93 |
| **Инвестиции од сопствени средства** | 892,500,000 | 1,542,516,570 | 1,124,874,109 | | 1.37 | 1.73 |
| Градба и рехабилитација на државни патишта | 300,000,000 | 696,878,385 | 483,519,445 | 8.67% | 1.44 | 2.32 |
| Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели | 25,000,000 | 36,038,059 | 0 | 0.00% | | 1.44 |
| Осветлување и Сигнализација и опрема на патишта | 25,000,000 | 23,577,691 | 25,550,190 | 0.46% | 0.92 | 0.94 |
| Сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 112,500,000 | 142,526,498 | 172,662,108 | 3.09% | 0.83 | 1.27 |
| Инвестиционо одржување | 180,000,000 | 195,516,839 | 171,235,681 | 3.07% | 1.14 | 1.09 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Експропријација | 75,000,000 | 187,768,771 | 98,121,808 | 1.76% | 1.91 | 2.50 |
| Проектирање | 25,000,000 | 10,985,700 | 9,122,816 | 0.16% | 1.20 | 0.44 |
| Надзор над градежни работи | 137,500,000 | 249,224,627 | 163,659,397 | 2.93% | 1.52 | 1.81 |
| Опрема и Софтвер | 12,500,000 | 0 | 1,002,664 | 0.02% | 0.00 | 0.00 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **2,361,250,000** | **1,134,032,994** | **2,842,716,807** | | **0.40** | **2.51** |
| Инвестиции со кредит од Светска банка | 657,500,000 | 333,515,251 | 463,083,077 | 8.30% | 0.72 | 1.39 |
| Инвестиции со кредит од ЕБОР | 928,750,000 | 360,709,064 | 850,466,826 | 15.24% | 0.42 | 2.36 |
| Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 775,000,000 | 439,808,679 | 1,529,166,904 | 27.41% | 0.29 | 3.48 |
| **Инвестиции од буџетски средства** | **1,473,967,761** | **1,735,146,731** | **1,611,152,974** | **28.88%** | **1.08** | **0.93** |

➢ Графички приказ на инвестиции според изворите на финансирање




В.Д. Директор

Коце Трајановски

Изработил: Маре Шурлиновска

Марина Терповска Штарго

Контролирал: Маја Т.Петрушевски

Одобрил: Татјана Миновска